РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр.24-67
од 28.12.2023 година
Кривогаштани

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), член 22 став (1) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и донесената Годишна програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 год., бр.08-863/4 од 12.09.2023 година, донесена од страна на Советот на општина Кривогаштани, **Градоначалникот на Општина Кривогаштани,** објавува:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање на јавен увид на Урбанистичкиот проект за инфраструктура (во и вон опфат на урбанистички план) – за изградба на среднонапонски подземен кабелски (10/20kV) вод (од ГП 1 – од ЛУПД за изградба на фотоволтаична централа, до приклучна точка А3 – столб пред ТС Врбјани), КО Врбјани, Општина Кривогаштани**

1. Урбанистичкиот проект за инфраструктура (во и вон опфат на урбанистички план) – за изградба на среднонапонски подземен кабелски (10/20kV) вод (од ГП 1 – од ЛУПД за изградба на фотоволтаична централа, до приклучна точка А3 – столб пред ТС Врбјани), КО Врбјани, Општина Кривогаштани, опфаќа два сегменти и тоа:

- Сегмент 1:

Овој дел од проектниот опфат (дел од КП 1283/1 и дел од КП 2192/1, КО Врбјани) се наоѓа надвор од проектниот опфат на Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1 од ЛУПД за изградба на фотоволтаична централа на КП 1128, КП 1129, КП 1121/1 и КП 1120-дел, КО Врбјани, општина Кривогаштани, одобрен со Потврда бр.24-43 од 15.09.2021 година. Должината на Сегмент 1 изнесува 26,4м, а површината изнесува 13,2$м^2$

- Сегмент 2:

Овој дел од проектниот опфат (дел од КП 2192/2,дел од КП 2191/1 КО Врбјани се наоѓа во планскиот опфат на УПС ВРБЈАНИ, донесен со Одлука бр.08-1780/2 од 10.12.2018 година. Должината на Сегмент 2 изнесува 507,9м, а површината изнесува 265,98$м^2$

2. Вкупната должина на инфраструктурниот вод изнесува 534,3м а вкупната површина на опфатот изнесува 0,03 ха

3. Границата на планскиот опфат опфаќа делови од КП 1283/1, КП 2192/1 и КП 2191/1, КО Врбјани, општина Кривогаштани.

4. Јавниот увид се организира со објавување на веб страната на општината www krivogastani.gov.mk, во траење од 15 дена почнувајки од **29.12.2023 година до 12.01.2024 година**, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

**Општина Кривогаштани**
**Градоначалник,**
**Николче Мискоски**